CSD CENTER FOR THE STUDY OF DEMOCRACY

CRPM Center for Research and Policy Making ... policy impact since 2004

## Известување за медиуми бр. 1:

## Помеѓу законите и преживувањето Како да излеземе од кругот на скриената економија?

*„Повеќето од нас попрво би ангажирале жена да ни го чува детето на која би и плаќале во готово, отколку да ангажираме агенција која наплаќа дупло повеќе“* изјави Билјана Чкламовска од УНАСМ за време на конференцијата која се одржа во рамки на проектот **“Промовирање на доброто владеење и економски права преку зајакнување на капацитетот на Македонското граѓанско општество за вршење на мониторинг и справување со сивата економија во Република Македонија“.** Таа додаде дека преку вакви и слични постапки голем дел од граѓаните ја потикнуваат скриената економија. Сепак, најголем поддржувач на скриената економија е приватниот сектор преку: некомплетно пријавување на приходите и даноците, непресметување на минат труд, неисплаќање на додатокот за прекувремена работа, избегнување на исплата на минимална плата, избегнување на плаќање на придонеси на целата плата и сл.

**Колкава е всушност скриената економија во Македонија?** Професорот Томе Неновски нагласува дека скриената економија се проценува дека опфаќа од 30% до 45% од БДП во Македонија, во зависност од начинот на проценка. Ова е огромен процент и претставува закана по планирањето на економските и социјалните политики поради несигурните макроекономски показатели. Последиците можат да бидат: необјективна процена на големината на БДП, нереален број на невработени и социјално загрозени лица, голема стапка на даночна евазија, што претставува ограничување за фискалната политика. Од тоа директни негативни последици чувствуваат сите граѓани преку помали придонеси кон државниот буџет за јавните услуги, а индиректно се одразува во несоодветна здравствена, социјална и правна заштита. И повторно, најголемите последици од несоодветните услуги ќе бидат ‘на грбот’ на работниците во неформалната економија кои остануваат без соодветна гаранција и заштита на своите права.

**Како е во ЕУ?** Ниту државите во ЕУ не се имуни на овој феномен, па големината на скриената економија во Унијата се проценува на 18% од БДП. Според анкетата на Евробарометар, 11% од европјаните во текот на 2007 година се имаат здобиено со добра или услуги кои вклучувале непријавена работа, а на 5% од работниците им биле целосно или делумно исплатени плати ‘во плико’. Дополнително, истражувањето покажува дека лицата кои учествуваат во непријавена работа е поверојатно дека и самите ќе користат непријавена работа/услуги и на тој начин ќе се го оддржуваат ‘кругот’ на неформалност.

**Како да се прекине овој круг?** Наспроти генералното сфаќање дека за справување со скриената економија се неопходни мерки на казнување, државите се́ повеќе испробуваат алтернативни мерки на превенција, како на пример олеснување на придржувањето кон прописите; куративни мерки преку кои им се помага на  оние кои веќе учествуваат во

Проектот е финансиран од Европската Унија

непријавената работа да ги озаконат своите активности; мерки на информирање, како на пример даночна едукација и сл.

**Што се презема кај нас?** Институциите во Република Македонија прават напори за вклучување на скриената економија во своите проценки и креирањето на политиките. Конкретно, Заводот за статистика од 2011 година го има прилагодено мерењето на БДП преку вклучување на проценки за не-опсервираната економија, а дополнително преку Анкетата на работна сила го следи непријавеното работење. Понатаму, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за економија во последните години заеднички работат на Акциски план за намалување на на сивата економија, во кој секоја од релевантните институции има свои одговорности. АВРМ работи на идентификување на потенцијално невработените лица кои повеќекратно одбиваат работа, но истовремено и на формализација на постоечките бизниси преку поддршка при нивно воспоставување. УЈП развива методи за откривање на нерегистрирани даночни обврзници и нивно вклучување во редовните законски текови.

Сепак, **граѓанскиот сектор, иако заинтересиран, не е доволно вклучен во активностите на следење и известување за скриената економија**, делумно поради недостаток на знаење а делумно поради недостаток на формални механизми за соработка со јавните институции. Нивното вклучување како поддршка на институциите може да даде придонес за посеопфатна проценка на скриените економски активности, при тоа користејќи ги најдобрите практики и искуствата на другите земји и нивните граѓански организации. Оваа формална синергија помеѓу граѓанскиот и јавниот сектор ќе доведе до планирање и креирање политики кои ќе бидат пошироко прифатени од страна на граѓаните а со тоа и поефективно спроведени. Па така, невладиниот сектор, преку директниот контакт со граѓаните, може да процени на кој начин жената која чува деца, од почетокот на овој текст, би се мотивирала да се лиценцира и да премине од неформалниот кон формалниот сектор, со цел задоволување на нејзините обврски и права како граѓанин на Република Македонија.

[Слики од конференцијата за скриена економија се достапни на: http://www.crpm.org.mk/?p=12942 ]